РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 27-65/6
19-06-2026 20 год.vit
Скопје-Shkup

Друштво за трговија и производство
ЕУРОЛИГНИТ ДОО
Бр. 01/45
19.06 2026 год.
с.Катланово, Петровец

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – глина и јаглен на Друштвото за трговија и производство ЕУРОЛИГНИТ ДОО с.Катланово, на локалитетот „Катланово", општина Петровец бр.57-5329/10 од 19 јуни 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.135/26) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина и јаглен на локалитетот „с.Каталаново", општина Петровец бр.24-5595/1 од 13.11.2014 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за трговија и производство ЕУРОЛИГНИТ ДОО с.Катланово Петровец
со адреса: Катланово бр.ББ Месност-Стари/Рудник Катланово, Петровец
Република Северна Македонија
застапувано од лицето Иван Марковиќ
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2026 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГЛИНА И ЈАГЛЕН НА ЛОКАЛИТЕТОТ „С.КАТЛАНОВО", ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина и јаглен на локалитетот „с.Катланово", општина Петровец бр.24-5595/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3
**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 1 на овој договор се продолжува за период од 15 (петнаесет) години."

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина и јаглен на локалитетот „с.Катланово", општина Петровец бр.24-5595/1 од 13.11.2014 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – глина и јаглен на локалитетот „с.Каталаново", општина Петровец бр.24-5595/1 од 13.11.2014 година, остануват во сила непроменети.

**За Концедентот**
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ
СУРОВИНИ
**Сања Божиновска**

**За Концесионер**
ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И
ПРОИЗВОДСТВО ЕУРОЛИГНИТ ДОО
С.КАТЛАНОВО ПЕТРОВЕЦ

**Иван Марковиќ**

Изработил: Neim Qamili
Контролирал: m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** с.Катланово - Петровец

**Минерална суровина:** Јаглен и глина

**Површина = 0.550000 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7556700 | 4640000 |
| 2 | 7556700 | 4641000 |
| 3 | 7557250 | 4641000 |
| 4 | 7557250 | 4640000 |